# Медиум

весник за сите средношколци

Среда, 27.4.2016; година IV; бр. 22

www.medium.edu.mk


ТЕМА ЗА ДИЛЕМА

## МАРТИН ЃОРГОСКИ

# Од „Џган“ научив дека сите луѓе се добри и сите луѓе се лоши



Фото: Мирјана Недева

Мартин Ѓоргоски, кој ја толкува главната улога во најновиот долгометражен македонски филм „Џган“, е средношколец во скопската гимназија СУГС „Никола Карев“. Поради актуелноста на филмот, но и несекојдневното искуство, одвои време да одговори на неколку интересни прашања за „Медиум“, конкретно за него и за неговото прво искуство со глума во долгометражен филм.

**МЕДИУМ: Што според тебе беше пресудно за да ја добиеш главната улога во „Џган“? Физичкиот изглед, карактерот, глумата или возраста?**

**МАРТИН:** Мислам дека пресуден беше физикусот, едноставно ги исполнував параметрите за физичкиот изглед - низок, сини очи, син тен, како и сите преостанати нешта што се бараа како фактор и доволен материјал за да ја добијам улогата. Бев на кастинг, одглумив кратко пред камера и тоа беше тоа. Сè друго беше одлука на кастинг-сервисот.

**МЕДИУМ: Дали ова е твојот прв долгометражен филм или прво искуство со глума воопшто?**

**МАРТИН:** Ова ми е прво искуство воопшто на филм. Претходно сосема малку се занимавав со театар во училиште и во „Медиа арт“, во рамките на една претстава. Но толку и беше потребно кај мене да се развие љубовта за глума.

**МЕДИУМ: Дали планираш професионално да продолжиш со глума или можеби ќе избереш сосема нешто друго да студираш по средното образование?**

**МАРТИН:** Моментално мојот план е да студирам токму глума, актерска игра. Но доколку нешто се смени во животот, најверојатно би се занимавал со уметност, со литература. Затоа и се насочив на јазично-уметничката насока во училиште.

**МЕДИУМ: Како се снајде со училишните обврски додека беше ангажиран за снимањето на филмот? Професорите ти попуштаа или сепак ги расипа оценките?**

**МАРТИН:** Иако снимањето траеше 25 дена, што е доста кратко за долгометражен филм, последицата беше отсуство од училиште еден месец, што е навистина многу. Меѓутоа професорите, како и секогаш, ме поддржаа и беа среќни што учествувам во еден таков проект. Ми излегоа в пресрет со отсуството и ми помогнаа да ги добијам оценките што ги заслужувам.

**МЕДИУМ: Би можел ли да одвоиш најомилен и најнеомилен училиштен предмет?**

**МАРТИН:** Најмногу сакам македонски јазик и литература, а најмалку хемија.

**МЕДИУМ: Имаш ли омилен филм или омилена серија?**

**МАРТИН:** Омилена серија ми е „Сопранови“, затоа што отвора многу прашања - за животот, љубовта, омразата, државата, криминалот и за односите меѓу луѓето. Има многу добри филмови, не можам да одвојам најдобар, а ни жанр. Квалитетен филм, без разлика на жанрот, треба докрај да го задржи вниманието на гледачот.

**МЕДИУМ: Со кој актер од актерската екипа најмногу се дружеше и со кого ти беше особена чест да соработуваш?**

**МАРТИН:** Се огледувам на Никола Ристановски. Не толку многу на професионален план, тој самиот е докажан како актер, туку повеќе на приватен план, бидејќи ги дистанцира животот и работата. Најмногу се дружев со Дениз Абдула, во филмот тој е мојот најдобар пријател. На некој начин требаше да изградиме некоја хемија, инаку уште сме во контакт и се дружиме. Генерално земено, се дружев со целата екипа, со децата, со повозрасните и со оние со кои работев многу кратка минутажа. ,

стр. 3



КАДЕ БЕВМЕ

**МАССУМ „Образовно рандеву 2016“**

стр. 4



ТЕМА ЗА ДИЛЕМА

**Интернетот и социјалните мрежи се гласот на младите**

стр. 5

**Високата школа и „Нова Македонија“ започнаа со медиумски лаборатории по училиштата**

стр. 8


ВИСОКА ШКОЛА ЗА НОВИНАРСТВО И ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

НОВА МАКЕДОНИЈА

СРЕДНОШКОЛСКИОТ ВЕСНИК „МЕДИУМ“ Е ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ **„МАКЕДОНСКА КОАЛИЦИЈА ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ“**

**ПРОЕКТОТ Е ФИНАНСИРАН ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА**

НИЗ ХОДНИЦИТЕ



## ВОВЕДНИК



**Тони Аврамов, професор по македонски јазик и литература, СОУ „Јосиф Јосифовски", Гевгелија**

### Потребна е стручна интернет-литература

Чекорот кон иднината е чекор на прифаќање на неизвесноста и сѐ она што ќе ја зачини нашата потреба. Но иднината се храни од нашата глад кон знаења, откривања, создавања.

Новите трендови во наставниот процес бараат нови алтернативни решенија во методологијата. Веќе со право може да се рече дека досегашните форми и методи во образовниот процес застаруваат и на сцена доаѓаат нови, современи и напредни. Прашање е колку ние како наставници ги прифаќаме, колку ја нудиме нашата креативност во морето од содржини.

Премногу е индивидуален пристапот на секој наставник кон прифаќањето на новите начини на пренесување на знаењата. Новите информатички технологии што се пред нас некогаш нудат одлични решенија за реализација на наставните часови, но некогаш ги уриваат основните начела на веќе поставената методска единица.

Институциите на системот задолжени за спроведување, но и за внесување иновациски начини на реализација на наставните програми делумно ги задоволуваат барањата. Во поголем дел има несовпаѓања поради фактот што некои наставни програми се подготвени од порано и во нив методологијата за реализација е застарена. Наставникот нема насоки како да ја реализира наставната единица со користење нови наставни средства.

За учениците е поприфатлива употребата на компјутери и на паметни телефони и од нив црпат веќе подготвени содржини, но прашањето е што е тоа што навистина треба да биде извор од Интернетот како медиум.

Употребата на Интернет на часовите во последно време нуди безброј содржини, но сепак е сомнителна веродостојноста на некои од нив. Во овој поглед, потребно е создавање стручни или специјализирани интернет-страници по соодветни предмети. Малкумина наставници имаат лични блогови со стручни содржини. Бирото за развој на образованието треба да понуди официјални интернет-портали од кои, ние и учениците, ќе користиме содржини. Ако ни се нудат печатени учебници, стручна литература за употреба на часовите, тогаш е логична и употребата на електронски содржини, односно официјални, одобрени, интернет-страници.

Учениците со задоволство ги прифаќаат новите методи, а факт е дека и полесно ги совладуваат тешкотиите при учењето. Кога би имале соодветен материјал на Интернет, побрзо и полесно би го отвориле отколку печатен медиум.

## Средношколците од „Арсени Јовков" добија европски сертификати






Учениците на СЕПУГС „Арсени Јовков" од Скопје, во периодот од 4 до 19 април годинава, во рамките на проектот „ВЕТ Датабаза администратор", од програмата Еразмус +, остварија успешна обука во рамките на Европската рамка на квалификации (European Qualification Framework). Станува збор за специјализираната тренинг-институција „Синтеа" за електронско администрирање на податоци, од Лублин во Полска.

Учениците добија европски признаени сертификати, кои претставуваат потврда за нивната подготвеност за остварување специфични работни задачи од областа на бизнис-администрацијата. Поточно, европското образование за добивање квалификации станува достапно и за македонските средношколци.

**Даниел Митевски,
СЕПУГС „Арсени Јовков", Скопје**

## Дебатниот клуб во Куманово како поле за размена на ставови

Во време кога во Република Македонија, а особено во Куманово, недостигаат дебати, дијалог, соочување на спротивставени мислења, учениците од гимназијата „Гоце Делчев" започнаа со јавни дебати на најразлични теми. Иницијатор е професорот по социологија Зоран Петрушевски, а дебатниот клуб го формираа матурантите од гимназијата „Гоце Делчев" од Куманово. Дебатите се организираат два пати месечно, на теми кои најмногу ги засегаат младите.

Првата дебата се одржа на 23 февруари годинава, на тема „Иселување на младите од Р. Македонија".

Како најчести причини за иселувањето средношколците ги наведоа економските причини, но и потрагата по квалитетно образование, пред сѐ високо. Ставовите сепак беа поделени. Додека одреден дел ученици го оправдуваа иселувањето, други сметаа дека младите луѓе не треба да се откажат од татковината и дека самите треба да придонесат кон подобрување на актуелната состојба. Втората тема беше „Гимназиското образование во Македонија". Големо внимание се посвети и на непрофесионализмот, кој честопати се јавува во образованието, а кој потоа резултира со непрофесионализам на многу работни места.

**Никола Крстевски,
гимназија „Гоце Делчев", Куманово**



## Вардаровите фудбалери делеа автограми во „Васил Антевски-Дрен"

Фудбалерите на ФК Вардар неодамна ги посетија учениците од средното економско-правно училиште „Васил Антевски-Дрен" во Кисела Вода. Вардаровите првотимци Грнчаров, Пачовски, Кобетиќ, Глишиќ, Фелипе, Ивановски и други другаруваа, разговараа и се сликаа со своите обожаватели, а воедно одиграа и пријателски меч на мали голови со училишната лига, составена од ученици кои во исто време се и дел од кадетската екипа на овој фудбалски клуб.

## Саем за зелени работни места во гимназијата во Кичево

На темата „Соларна Македонија реалност или фикција", кичевската гимназија „Мирко Милески" организира „Саем за зелени работни места и образование". Предавање на темата одржа професорот на универзитетот МИТ од Скопје и декан на факултетот за еколошки ресурси, д-р Илија Насов, додека можностите за студирање зелени програми ги презентираа учесниците од седум земји од Европа.

- Целта е младите да се запознаат со потенцијалот за вработување и можностите за студирање во и надвор од Македонија, во области поврзани со одржлив развој и зелена Македонија. Воедно, да се зголеми и свесноста кај младите за екологијата, да се дојде до поголема заштеда на енергија, но и да се дојде до почиста енергија. Во иднина, обновливите извори ќе бидат доминантни во светот, ќе се отворат голем број работни места од оваа област, со цел да се спречи глобалното затоплување на планетата Земја - рече професорот Насов.

На оваа тема, младинската еколошка организација „Гоу грин" е домаќин на меѓународен проект за климатски промени, наречен „Разбуди се и преземи акција за климата". Во овој проект учествуваат 44 претставници од седум земји, меѓу кои и од Македонија.

**Зоран Антоски,
новинар на „Нова Македонија"**




МЕДИУМ

**Уредник на „Медиум":** Александра Теменугова, temenugova@vs.edu.mk, 02/30 90 004
**Техничко уредување:** Саша Белевска **Веб:** Александар Делчевски **Лектура:** Светлана Арсовска
**Маркетинг:** тел. (02) 5511727 **Дистрибуција:** тел: (02) 5511734
**www.medium.edu.mk**; е-адреса: **medium@medium.edu.mk**

Оваа публикација е овозможена со поддршка од Европската Унија во рамките на проектот *Медиумска писменост во ера на налив на информации: основање Македонска коалиција за медиумска писменост*, што го реализира Високата школа за новинарство и за односи со јавноста заедно со Институтот за различности во медиумите од Лондон, В. Британија, и дневниот весник Нова Македонија. Наведените мислења во оваа публикација се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на Европската Унија.

Проектот е финансиран од Европската Унија

ФАЦА НА МЕСЕЦОТ

СРЕДНОШКОЛЕЦ ОД СУГС „НИКОЛА КАРЕВ“ РАСКАЖУВА ЗА СВОЕТО ИСКУСТВО КАКО ГЛАВЕН АКТЕР ВО НАЈНОВИОТ МАКЕДОНСКИ ФИЛМ

# Мартин Ѓоргоски: Од „Џган“ научив дека сите луѓе се добри и сите луѓе се лоши



Продолжение од стр. 1

**МЕДИУМ: Каков впечаток ти остави режисерот?**

**МАРТИН:** Ведран Тозија е многу професионален режисер, но и „лабав“ човек. Дава добри индикации, односно нема шанси да не го разбереш, што е и еден од условите за квалитетен режисер.

**МЕДИУМ: Која ти беше најтешката сцена за изведување, всушност која сцена најмногу ја повторивте?**

**МАРТИН:** Физички најтешка, најлуда сцена за снимање беше крвничката борба на Филип и другото дете во руинираната зграда, ја повторувавме речиси 30 пати, за што е потребен голем физички напор. Додека, пак, од полесните сцени најмногу ја повторивме таа во која Филип му кажува на Петар дека има тумор во глава, дека му расте и го боли. Сцената се одолжи, бидејќи стапнав на една шајка и се повредив. Воедно, имаше еден агрегат отспротива, од медицинскиот центар, кој се пушташе на секои 15 минути и ни пречеше.

**МЕДИУМ: Какво беше темпото на работа?**

**МАРТИН:** Сè се одвиваше многу брзо, поради околностите повеќето сцени се снимаа ноќе, немаше доволно пари, затоа и филмот се заврши за 25 дена. Во други случаи е порелаксирано, се снима по 2-3 месеци, една сцена во денот. И ние правевме дуплирање, но помалку во однос на други просечни филмови. Ги немавме тој луксуз и тоа време, ниту пак снимавме хронолошки за да оставиме една локација, па да се вратиме повторно доколку не ни успее снимањето во моментот.

**МЕДИУМ: Дали беше побарано од тебе да смениш нешто во изгледот за да ја доловиш улогата на Филип?**

**МАРТИН:** Требаше да ослабам минимум пет килограми. Го направив тоа со режим на исхрана и со вежбање, а покрај тоа и ми ја скратија косата, ме избричија, нашминкаа, едноставно направија сè што беше потребно.

**МЕДИУМ: Дали твоите очекувања за снимањето на филмот се совпаднаа со реалната слика?**

**МАРТИН:** Имав некоја претстава од гледање холивудски филмови како се снима филм, но сепак македонскиот начин е похардкор и со тоа поблизок на душа. Сепак, не очекував толку брзо да тече снимањето, особено затоа што ова е мое прво искуство. Но не почувствував тешкотијата, чувството беше како да си излегол со другари да завршите некоја работа.

**МЕДИУМ: Дали твоето расположение може да влијае на тебе додека глумиш?**

**МАРТИН:** Кај квалитетен актер не треба да влијае моменталното расположение. Актерската работа, особено на филм, е да се доведеш себеси до таа точка да можеш да ги манипулираш сопствените емоции во бараниот момент. Сум бил и среќен, и тажен, и изнервиран за време на снимањето, но секогаш се трудев тоа да не се види.



**МЕДИУМ: Дали во иднина би сакал да глумиш во друг вид филмски жанр?**

**МАРТИН:** Доколку се одлучам за професионална кариера, не би дозволил да станам клиширан актер, таквите актери впрочем и мене најмногу ме иритираат - играат цело време една иста улога, од еден ист жанр.

**МЕДИУМ: Каков е според тебе карактерот на Филип и дали гледаш некакви сличности помеѓу тебе и него?**

**МАРТИН:** Карактерот на Филип за мене е позитивен, човек во таква ситуација краде за да јаде и не може да се каже дека е лош, бидејќи мора да преживее. Во однос на сличностите, можам да кажам дека емотивноста ни е заедничка карактеристика - не можам да трпам неправда, идентично како него.

**МЕДИУМ: Како реагираше на насилните сцени, а и на сексот во филмот? Како актерски предизвик или скептично?**

**МАРТИН:** Како актерски предизвик, иако сум немал искуство со вакви сцени, бев свесен дека се работи за филм, се работеше професионално, имавме и проби, а и тренираавме за сите тие нешта, затоа и немаше никаков проблем.

**МЕДИУМ: Дали состојбата со бездомните деца во Македонија е навистина така алармантна како што е претставена во филмот?**

**МАРТИН:** Има некои домови за деца без родители кои се на соодветно ниво, но во казнено-поправните домови за малолетни лица состојбата е иста, дури и полоша. Има и вести за неодамна силувани, убиени, исчезнати малолетници.

**МЕДИУМ: Дали имаш девојка?**

**МАРТИН:** Немам потреба од врзување, во врска сум со самиот себе.

**МЕДИУМ: Дали стекна популарност, нови познанства и нови можности по снимањето на филмот? Каков е односот на околината кон тебе?**

**МАРТИН:** Со најблиските ништо не е сменето. Ништо се нема сменето и во моите погледи, а нови луѓе и познанства секако има, бидејќи ме гледаат како интересен нов лик.

**МЕДИУМ: Што би им порачал на идните млади актери?**

**МАРТИН:** Кога работат да бидат сериозни, со почит кон работата.

МЕДИУМ: Што научи од целово искуство со „Џган“?

МАРТИН: Научив дека сите луѓе се лоши и сите луѓе се добри. Јас верувам дека секој човек кога прави и злобни нешта, ги прави од некоја негова слабост и нежност. Секој човек длабоко во себе е добар. Но кога се работи за односите меѓу луѓето и функционирањето на општеството, можам со сигурност да кажам дека луѓето се ѓубриња.

**Автор: Јоана Тренеска;**
**Фото: Сара Коцевска,**
**гимназија „Орце Николов“, Скопје**

## Огнен Антов, продуцент: Никој не е роден насилен

- „Џган“ во себе ја носи пораката дека никој не е роден насилен. Низ самата порака се надевам дека успеавме да проникнеме кај кино-публиката и истата да ја пренесеме во целост. Особено ми е драго што истава порака им ја пренесовме и на децата актери кои прв пат застанаа пред камера и успеаја да увидат дека можеби постои и некаква идеја за нивната иднина.

Мартин Ѓоргоски, како лидер во филмот и како обично дете од училишната клупа на „Никола Карев“, веројатно најмногу ја разбра пораката. Лично се надевам дека еден ден тој ќе биде уште посериозен актер со светска кариера, зад кој сите ќе застанеме и ќе се пофалиме дека ова е она малото дете од филмот „Џган“.



## Драгица Панова, класна раководителка: На младите им треба малку ветер во грбот, а Мартин веќе полета

Темелен е, критички настроен, реален, но и фантазер во душа. Потенцијалот на Мартин за глума се гледаше уште во прва година, секогаш земаше учество во проекти поврзани со филм и театар, а часовите на кои тој правеше драматизација беа вистински деликатес за мене и за учениците. По премиерата на филмот Мартин стана ѕвезда, постојано е на снимања и на интервјуа, ама ние како наставници сме должни да го препознаеме талентот кај учениците и да ги поттикнуваме, а не да ги кочиме. На младите понекогаш им треба само малку ветер во грбот за да ги рашират крилјата. А Мартин веќе полета. Наше е само да се надеваме дека патот ќе му биде отворен и полн со успеси, не само на полето на глумата туку воопшто. Не само како ученик, туку и како оформен млад човек, тој го заслужува тоа.



КАДЕ БЕВМЕ?

ОДРЖАНО „ОБРАЗОВНО РАНДЕВУ 2016 “

# Шаренило од младост, ентузијазам и креативност на учениците

**Комисиите во сите 15 категории имаа тешка задача пред себе, па неретко мораа да доделат и двојни награди за некои места**

Средното електро-техничко училиште од Скопје „Михајло Пупин“, во петокот и саботата, беше домаќин на традиционалната манифестација „Образовно рандеву 2016“, на која учествуваа 45 средни стручни училишта од Македонија со повеќе од 1.500 ученици. Организатор на настанот, на кој учествуваат учениците од стручните училиште од земјава, е Младинската асоцијација на средни стручни училишта во Македонија. Манифестацијата беше реализирана како креативен натпревар меѓу учениците во 15 различни категории. Младите се натпреваруваа во следните категории: интервју за работа, јавно говорење, маркетинг-план, најдобар бенд, најдобра видеореклама и најдобра фотографија.

Учениците се натпреваруваа и во категоријата најдобар филм, најдобра веб-страница, најдобар штанд, најдобра драмска изведба како и најдобра модна ревија, најдобра поетска творба. На целиот настан заблескаа и средношколските спортисти што се натпреваруваа во кошарка, пинг-понг и во серва.

Од училиштето додаваат дека сите овие натпревари многу ќе значат во идниот професионален и приватен ангажман на младите.

- Задоволство беше да се доживее тоа шаренило од младост, ентузијазам и креативност на учениците, кои покрај својата професионална определба во своето училиште пројавуваат интерес за сè она што е составен дел на животот на младите: музика, спорт, мода, техника... Прекрасно беше да се слушнат стихови на млади поетеси, да се доживее изведба на драмски текстови од ученици, да се слушаат звуци на познати бендови во прекрасни интерпретации на неоткриени музички таленти, да се слушнат бизнис-планови на младите. Комисиите во сите 15 категории имаа тешка задача пред себе. Неретко мораа да доделат и двојни награди за некои места. Домаќините достојни на себе сето ова успешно го реализираа од почетокот до крајот. Следната година младите ентузијасти ги очекува ново образовно рандеву во некое друго училиште - велат од училиштето „Михајло Пупин“.

Младинска асоцијација на средните стручни училишта во Македонија-МАССУМ, официјално постои од 2006 година и има цел да го подобри животот на младите, да ги подготви за лидерство, нивен личен напредок и поголем успех во кариерата. Мисијата на МАССУМ е подобрување на личните вредности на учениците и нивна подготовка за светот на конкуренцијата преку лидерство, практична работа и учење.

Дневниот весник „Нова Македонија“ со свој штанд се претстави на манифестацијата и медиумски го потпомогна целиот настан.




Фото: Игор Банскoлиев



### НАЈДОБАР ШТАНД
(први места)

- СОУ „Никола Карев“ - Струмица
- СОУ „Ѓошо Викентиев“ - Кочани
- СМУГС „Д-р Панче Караѓозов“ - Скопје-МАК
- СОУ „Јане Сандански“ - Струмица
- СЕПУГС „Васил Антевски-Дрен“
- СОУУД „Димитар Влахов“ - Струмица
- СОУ „Орде Чопела“ - Прилеп
- СОУ „Ристе Ристески-Ричко“ - Прилеп
- ОСТУ „Гостивар“ - Гостивар
- СОУ „Ванчо Прке“ - Виница
- ОСУ „Ацо Русковски“ - Берово



Ова е голем настан не само за нас како училиште туку и за целата средношколска младина во државата. Чест ни е што сме домаќини и организатори на настанот. На него имаше присутно околу 1.500 ученици од 25 града, од 45 училишта од државава. Сè помина во најдобар ред и целата агенда што ја планиравме беше беспрекорно реализирана - ни изјави директорот на СЕТУ „Михајло Пупин“, м-р Ефтим Пејовски.

### НАЈДОБАР СОЛО ИЗВЕДУВАЧ

| | | |
|---|---|---|
| I | Бојана Јовановска | СЕПУГС „Васил Антевски-Дрен“ - Скопје |
| II | Ристе Гавровски | СОУ „Јане Сандански“ - Струмица |
| III | Марија Ичкова | СОУ „Богданци“ - Богданци |

Надвор од конкуренција - специјална награда ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“ - Скопје

### НАЈДОБАР БЕНД

| | |
|---|---|
| I | СОУ „Јане Сандански“ - Струмица |
| II | СЕПУГС „Васил Антевски-Дрен“ - Скопје |
| III | СМУГС „Д-р Панче Караѓозов“ - Скопје |

Специјална награда за најдобар уметнички впечаток: СЕТУГС „Михајло Пупин“ - Скопје

ТЕМА ЗА ДИЛЕМА

ТРАДИЦИОНАЛНИТЕ МЕДИУМИ ВО МАКЕДОНИЈА ПОЛЕКА ЈА ГУБАТ МЛАДАТА ПУБЛИКА

# Интернетот и социјалните мрежи се гласот на младите

Жарко Василевски

Бранот на промени што ја предизвика и сè уште ја предизвикува дигиталната револуција неизбежно се пренесува и на навиките и социјалното однесување на тинејџерите во Македонија. Иако овие промени се евидентни и потврдени од медиумската индустрија, академска јавност, комуниколозите и луѓето во образовниот систем, сепак во земјава нема некое референтно национално истражување што ги нотирало ваквите промени и влијанија, како што на пример тоа се прави во другите земји во Европа. Последно такво истражување е она на Младинскиот отворен форум (МОФ), „Млади и медиуми“, спроведено во 2013 година. Заклучоците во него го потврдуваат нагорниот тренд на употреба на нови медиуми, односно дека Интернет на младите во Македонија им служи пред сè за едукација и информирање, а дури потоа за забава и комуникација. Тие ги претпочитаат новите медиуми, наспроти традиционалните, радио и весник, кои им се надвор од видното поле.

-Јас и моите пријатели најчесто ги користиме фејсбук-страниците за комуникација, објавување и читање новости. Ретко го правиме тоа преку традиционалните медиуми. Едноставно полесно е преку телефон да се вклучиш на Интернет, да прочиташ она што те интересира или да напишеш статус, да искоментираш нешто... Тоа речиси е невозможно во другите медиуми, како што се телевизиите или весниците. Порталите исто така ни се достапни, па честопати ги избираме оние што се од наш интерес и кои нудат спорт, забава, мода и слично - вели Тони Трпчевски, средношколец од Куманово.





### Како младите го користат Интернет и каков тип содржина споделуваат

**85 проценти** објавуваат содржина (текст, слика, фотографија, видео или музика) што ја создале сами
**33 проценти** учествуваат со други лица на заеднички проекти за создавање содржина
**25 проценти** имаат создадено своја веб-страница и блог
**Извор:** Истражување на МОФ „Младите и медиумите“, 2013 г.

**ТРАДИЦИОНАЛНИТЕ МЕДИУМИ СЕ НАДВОР ОД ВИДНОТО ПОЛЕ НА МЛАДИТЕ**

Според податоците добиени од истражувањето „Млади и медиуми“, најкорисен медиум за сите активности младите го сметаат Интернет, и тоа за едукација (77 проценти), информирање (75 проценти), забава (66 проценти), комуникација и промоција (60 проценти), добивање членство во групи и изразување (58 проценти), регрутирање (58 проценти) и активизам и мобилизација (55 проценти). Традиционалните медиуми котираат многу пониско.

Дарко Булдиоски, експерт за нови медиуми, вели дека младата популација најчесто ги користи новите медиуми за директна комуникација, па оттаму и заклучокот дека во 2016 година трендот е дека тие служат како различни сервиси за размена на пораки, т.н. чет-апликации.

- Ги користат повеќе од просекот, односно од другите, барем по претпоставка зашто скорашно релевантно истражување не сум сретнал. Никој не ги избегнува намерно класичните медиуми. Тие едноставно не им се во видното поле на младите, не чувствуваат потреба, затоа што не се информираат оттаму, па, соодветно, и кога треба да пренесат некоја порака тоа го прават онаму каде што се чувствуваат комотно и каде што се наоѓа нивната целна публика - изјави Булдиоски за „Медиум“.

На прашањето колку младите се информирани за можностите за учество во процесот на донесување одлуки, колку ги знаат своите права и учествуваат во јавниот живот, тој вели дека само треба да ги погледнеме протестите, дискусиите на социјалните мрежи и ќе забележиме дека младите луѓе се тука, не се надвор од системот. Само се во оној дел во кој сè уште не ја изгубиле комплетно довербата.

На иста линија е и Тамара Ќупева, професорка во скопската гимназија „Орце Николов“м според која социјалните мрежи се еден мал личен медиум на младите луѓе.

- Тие своите ставови, несогласувања, визии, цели и идеи најчесто ги пишуваат, ѝ ги соопштуваат на јавноста токму преку овие социјални мрежи. Преку текст, слика, музика, коментар, песна го соопштуваат она што го мислат. Честопати ги избегнуваат официјалните интернет-страници или класичните медиуми за информирање и комуникација - смета Ќупева.

Во тој контекст, Интернет, социјалните мрежи, блоговите, во иднина остануваат главни медиуми што ќе бидат користени пред сè од младата популација.

**СРЕДНОШКОЛСКИОТ ПЛЕНУМ КАКО МОДЕЛ**

Примери за користење на интернет-комуникациите за формални и неформални организирања е Средношколскиот пленум. Вклучените во ланските активности велат дека младите тинејџери се дигитална генерација и знаат да ги користат интернет-медиумите и за аргументирани ставови што допираат и до поширока публика за разни општествени прашања, а не само за забава.

- Во претходната година забележавме дека средношколците почнаа да се организираат и јасно, гласно и аргументирано да го искажуваат својот став. Ова е суштинска разлика од претходно, каде што често немаше никаква организација што се грижи за работите од интерес на средношколците, а кога ќе имаше, нивниот став не беше добро артикулиран и аргументиран. Сè на сè, гледаме вистинска позитивна промена, која ја направи оваа генерација на средношколци, а придобивките од тоа ќе ги почувствуваме и во иднина. Младите не се толку блиски со конвенционалните медиуми - телевизијата, радиото, весниците. Тие се дигитална генерација и комуницираат на социјалните мрежи преку Интернет. Свесно или несвесно, младите навистина умешно ги користат тие медиуми за да ја покажат својата приказна, често на алтернативен начин, преку видеа, слики, мемиња, нешто што е невозможно на конвенционалните медиуми - вели Дарко Малиновски.

И Теано Кардула, член на Средношколскиот пленум, смета дека првото поактивно вклучување на младите се покажа токму преку овој пленум, кој се појави како недостиг од активна средношколска организација.

- Организацијата на Средношколски пленум започна на социјалните мрежи за да се контактира со што поголем број млади од сите помали места во Македонија. Нашите барања најмногу се промовираа на Фејсбук и на Твитер, каде што ни беше сконцентрирана целната група. Исто така се пренесуваа информациите и преку многу интернет-портали и 2-3 телевизии, кои покажаа интерес нашето дејствување да ѝ биде прикажано на пошироката јавност. За привлекување на вниманието користевме разни видеа, фотографии, герила-акции, ги следевме и актуелните интернет-шеги, како мемињата (memes), за да се приближиме што повеќе кон нашата целна група - раскажа Кардула.

**НЕОПХОДНА Е ПРОАКТИВНОСТ НА ТИНЕЈЏЕРИТЕ ЗА**

### Каква содржина создаваат младите на медиумите што ги користат?

- мултимедијална содржина 54 проценти
- пишано дело (книга, есеј, поема, блогпост, колумна) 52 проценти
- напишано писмо до весник (8 проценти)
- напис во списание (13 проценти)

(Во сите типови содржини, поголем процент од креаторите се од машки пол)

**МЛАДИНСКО ИНФОРМИРАЊЕ**

И покрај тоа што постојат тела (Националниот младински совет, средношколски заедници, Средношколски пленум), сепак изостануваат формалните процедури на нивно вклучување, изјави Сања Божовиќ од МОФ, една од организациите во Македонија што го третираат прашањето за младинско информирање и активизам. Според неа, процесот на вклучување на младите и донесување одлуки е сè уште на незавидно ниво и може да се заклучи дека сè уште с потребни многу работа и посветеност на овие прашања.

- Потребна е едукација на сите млади што ќе може да ги осознаат своите права и да се активираат во општествениот живот за да учествуваат во донесувањето на одлуките во општеството. Но покрај младите, особено треба да се фокусираме и на институциите и на другите чинители во општеството што мора да ја сфатат неопходноста од вклучување на младите во донесувањето одлуки и нивно градење како активни чинители во земјата - додава Божовиќ, програмска координаторка во МОФ.

Но и самите ученици велат дека им недостига мотивација во форма на едукативни работилници, неформални средби, проектни активности на кои учениците би биле насочени и мотивирани сами да преземат иницијатива за решавање одредени проблеми во училиштата.

На вакви работилници можеме да научиме многу за медиумите, за ангажирање на младите во различни процеси кога постарите од нас носат одлуки што нас нè засегаат. Би посакал да имаме повеќе вакви средби и обуки во училиштата, бидејќи за нив многу малку се дискутира за време на наставата - вели гимназијалецот Митко Анѓушев од „Јосиф Јосифовски“ од Гевгелија, кој учествуваше на Медиумската лабораторија што ја организираа Висока школа за новинарство и за односи со јавноста и „Нова Македонија“ во април.

Според последните истражувања на МОФ, во оваа сфера во средните училишта низ Македонија, формите на организирање се исти, но се среќаваат различни називи. Младински актив, младински совет, училишна заедница, средношколска унија, унија на средношколци, младинска организација, МАССУМ, средношколски пленум, младинска заедница, совет на млади се само дел од називите на формите на средношколско организирање. Поголемиот број училишта имаат средношколски заедници, а наедно избираат и претседатели на класови. Но, како што заклучува Божовиќ, дискутабилен е начинот на нивниот избор, надвор од хартијата и правилата. Во таа насока, голем дел средношколци изминатата година се активирале и биле дел од Средношколскиот пленум, но речиси нема училишта што се дел и од средношколската унија, вели последното истражување на МОФ.

ИНТЕРВЈУ СО МАТЕА КОЦЕВСКА, МАТУРАНТКА ВО ГИМНАЗИЈАТА „ЈОСИП БРОЗ ТИТО“ ОД СКОПЈЕ

# Гимназиското образование ми помогна да добијам стипендија во Абу Даби

Матеа Коцевска, матурантка во гимназијата „Јосип Броз Тито“, е добитничка на целосна стипендија за универзитетот „Њујорк“, кој припаѓа на Бршленовата лига (The Ivy league), по што ќе ги започне своите студии во кампусот во Абу Даби.

**МЕДИУМ: Раскажи ни накратко за твоето искуство од средното училиште. Како гимназиското образование влијаеше врз твојот успех?**

**КОЦЕВСКА:** Во моментов ја завршувам четвртата, последна година во скопската гимназија „Јосип Броз Тито“. Сметам дека гимназиското образование нуди голема предност, бидејќи гради солидна основа за повеќе природни и општествени научни подрачја. Од академски аспект, мојот континуиран успех (5.00) беше првиот предуслов за аплицирање на еден ваков универзитет. Од социјален аспект, четиригодишното образование во ЈБТ ми овозможи запознавање најразлични профили на личности и во таква гимназија секој може лесно да го пронајде своето место. Стекнав многу пријателства и контакти со индивидуи со слични и со различни погледи, и секое искуство имаше позитивно влијание во градењето на мојот карактер. Сметам дека успехот, пред сѐ, доаѓа од баланс и од правилно организирање на времето за учење и за шетање.

**МЕДИУМ: Како дозна за универзитетот и каков е процесот на аплицирање?**

**КОЦЕВСКА:** Дознав од презентација во нашето училиште од страна на претставник од универзитетот. Апликацијата се пополнува онлајн и содржи неколку различни делови: генералии, училиштен успех, неколку есеи, школски и воншколски активности, како и евалуација и препораки кои ги поднесуваат професорите. Процесот на селекција се одвива во две фази. Студентите кои влегуваат во вториот круг се повикуваат на викенд во Абу Даби. Во тие два дена има две официјални интервјуа, предавање и дискусија на област од наш интерес за понатамошно изучување, но всушност бевме постојано набљудувани. Најголем тест се правеше на нашиот карактер, на начинот на кој комуницираме во група и нашата способност и начин на соработка и истакнување.

**МЕДИУМ: Во кои училишни активности си вклучена надвор од редовната настава?**

**КОЦЕВСКА:** Претседателка сум на мојот клас. Уште од прва година сум дел од новинарската



секција под раководство на професорката Емилија Величкова. Преку заедничка соработка ја реализиравме и нашата иницијатива за дебатен клуб во рамките на училиштето, како дел од изучувањето правилно, организирано и аргументирано изразување. Клубот беше предводен од мене, бидејќи имав претходно искуство како дебатен тренер. Потоа, повторно под менторство на професорката Величкова, го претставував нашето училиште на националната симулација на „Модел на европски парламент“, каде што се водеа дискусии и се пишуваа резолуции за тековни проблеми со кои се соочува Европската Унија. Успеав да се рангирам како прва при Комитетот за надворешни работи и бев избрана меѓу петте најдобри делегати кои ја претставуваа Македонија на интернационалната сесија во Берлин.

**МЕДИУМ: Како реагираше кога дозна за позитивниот одговор на твојата апликација?**

**КОЦЕВСКА:** За мене позначаен беше моментот на испраќање на апликацијата. Сомнежот се однесуваше на тоа дека можам да напишам подобар есеј, да се претставам себеси подобро и слично. До тој момент јас имав контрола врз мојата иднина, откако ја испратив апликацијата бев свесна дека направив што можев, доколку моето место е таму - ќе го добијам. Уште од тој момент јас бев среќна. Го исполнив тоа што го зацртав. И приемот и одбивањето за мене беше позитивен одговор. Колку се радував на приемот, еднакво толку не би можела да го класифицирам спротивното, односно студирањето во Македонија, дома и покрај моите најблиски, како негативно.

**МЕДИУМ: Што ќе студираш?**

**КОЦЕВСКА:** Системот на студии е малку различен од нашиот и им дава шанса на студентите да ги задоволат своите интереси преку можноста за индивидуално креирање распоред. Иако сѐ уште сум неодлучна во врска со конкретното поле на студии, мојот интерес се движи околу биологија и хемија.

## Емилија Величковска, професорка по македонски јазик и менторка „Го предводеше новинарскиот и дебатниот клуб“

Ученичката Матеа Коцевска ја запознав уште на самиот почеток од нејзиното влегување во гимназијата. И тогаш, на денот на уписот, ме праша дали има новинарски клуб во гимназијата. Тој прв впечаток беше само почеток на нашата заедничка комуникација. Не само што го предводеше новинарскиот клуб, туку и создаде дебатен клуб во кој постојано регрутираше млади, нови дебатери. Челното место во дебатниот клуб ја одведе на интернационална сесија во Европскиот парламент во Берлин. Но тоа беше само поттик да продолжи вредно да се надградува. Воопшто не ме изненади нејзината молба за помош при аплицирање



за студирање надвор од нашата држава. Треперев над одговорот од њујоршкиот универзитет на кој аплицираше.

Сепак, нема да ги заборавам сјајот во очите и жарта во говорот дента кога дојде да ми соопшти дека ја повикале на интервју, никогаш нема да ги заборавам. Универзитетот ѝ додели целосна стипендија, прифаќајќи ја како Македонка. Горда сум што бев дел од нејзиниот живот, задоволството кое заемно го уживавме и солзите радосници кои заедно ги бришевме. Посакувам сѐ понатаму да ѝ врви лесно, да се истакне со својата доблест достоинствено, како што ѝ прилега.



ИНТЕРВЈУ СО ИРИНА ШАФКУЛОВСКА ОД ГИМНАЗИЈАТА „ЈОСИП БРОЗ-ТИТО“ОД БИТОЛА

## За успех се потребни волја, време и добар ментор

Ирина Шафкуловска има 17 години и е трета година во гимназијата „Јосип Броз Тито“-Битола. Учествувала на неколку републички натпревари, на кои освоила први награди, но исто така била наградена и на меѓународни купови. Себеси се смета за личност со цврсти ставови и дух што тежнее кон успех и перфекција.

**МЕДИУМ: Си учествувала на неколку натпревари, кои се твоите позначајни резултати?**

**ИРИНА:** Според нивоата, најзначајни би биле двете први места на републичките натпревари по физика, првото место на националниот натпревар по англиски јазик и бронзата по математика што ја освоив летото 2013 година на купот на Белградската математичка гимназија, на кој учествуваа ученици од голем број европски земји.

**МЕДИУМ: Бидејќи имаш постигнато неколку успеси, според тебе, што треба да направи секој за да се постигнуваат добри резултати?**

**ИРИНА:** За почеток е потребно многу слободно време, како и волја тоа време да се инвестира во работа. Ви треба добар ментор што точно ќе ве насочи и ќе ви го задржи интересот. Со текот на годините почнувате да разменувате искуства со други личности и така се учи како да се биде свој. Но и малку среќа нема да наштети.

**МЕДИУМ: Какво е чувството да се поседува натпреварувачки дух во себе?**

**ИРИНА:** Натпреварувачкиот дух не може да се стекне, само може да се потхранува во животот. Тој е пламен што не може да згасне, те тера да продолжиш, да се бориш, да ги достигнеш своите граници и да ги поместиш понатаму. Желбата да се остане на врвот и нашата свест, која ни укажува дека сѐ уште има простор за доградба, е тоа што нѐ одржува во форма.

**МЕДИУМ: Жан Жак Русо вели „Својот уметнички напредок си го благодариме себеси и на нашиот труд“. Дали ти се согласуваш со ова мислење и зошто?**

**ИРИНА:** Делумно, ова е точно. Но за напредок не можеме да се потпреме само на труд и работа. Треба и рано да се осознае насоката на движење, на развивање на талентот и да се развие способност што би ни овозможила и во нашите најслаби моменти ние да го искористуваме нашиот максимум.

**МЕДИУМ: Сигурно немаш многу, но во слободно време што најчесто сакаш да правиш и кои се твоите планови за во иднина?**

**ИРИНА:** Во слободното време јас сум типична средношколка: времето си го исполнувам со музика, книги, пријатели и филмови. Повеќе години играм и тенис, кој е забавен, но и напорен спорт, за кој се потребни голема физичка и психичка подготвеност. Во однос на иднината, натпреварите ми се секако во преден план, но веќе започнувам да размислувам и за моето високо образование. Сѐ уште се двоумам која применета гранка на математиката и физиката најмногу би ми лежела. Во секој случај, имам намера да аплицирам во странски универзитет, каде што би можела да научам повеќе, но и да стекнам нови контакти.

**Автор: Анета Трајковска, ученичка во гимназија „Ј.Б. Тито“-Битола**

# ЈАС МИСЛАМ ВАКА

## Матурантски крстопат



На матурантиве веќе не е во мода да им се постави прашањето: „Што сакаш да бидеш кога ќе пораснеш?", туку директно се оди на: „Тука или во странство?“ Ако одговориш УКИМ, следува кисела фаца и нажалени очи велејќи: „Се гледаме на каса во некој супермаркет“. А ако спомнеш некоја друга држава, која било, дали Германија дали Катар исто е, и некое модерно универзитетско име, добиваш воодушевени, занесни погледи.

Во целиот хаос едно нешто ги опфаќа сите овие средношколци. Демотивација. Напорни вести, интервјуа, дебати од комшии, политичари, родители и професори кои ја цицаат енергијата на младиот човек. Секој ја раскажува својата несреќна судбина. Има такви што само кукаат и го завршуваат „возвишениот говор“ со „тоа е што е“. А има и такви што „перат мозоци“, но тие мислат дека подучуваат, а последен пат кога прочитале нешто друго освен списание биле лектирите до четврто одделение. Ги раскажуваат своите тажни искуства со добро оформени комплекси и тие се, впрочем, емпиристи. Сознанието доаѓа од искуството. Како ни било нам така ќе ви биде и вам, евентуално и бетер. Ја поседуваат таа ароганција да изигрувaат Баба Ванѓа или Нострадамус, да предвидуваат што ќе биде за 10 години и да омаловажат студент што сака да студира Право. Кој од кој полош. Така ученикот, кој уште не излегол од пубертет, не знае како да плаќа сметки и му е незгодно да закаже преглед, веќе прави планови за самечки живот во странство. А тие што ќе останат, пак, 4-те години ги поминуваат во читалница, учат за испити, за колоквиуми и други чудесии, и во целиот тој процес имаат грч во стомакот дека сѐ што им кажале постариве, поситувани злопамтила, ќе се исполни. Впрочем, ваков грч имаат сите. И оние што веќе се спакувани за на Запад со градите напред, и оние смртници што остануваат.

Младината не е веќе она што беше. Најубавите години во животот ги поминуваат тензично и со грижа на совест. Одвреме-навреме одат на пуш-пауза или во „Макакана“ на некоја добра свирка, но тензијата си ја носат в џеб секаде. „Искусните“ им дишат во врат на прерано созреаните. Ни ги отвораат очите, а не се свесни дека тие одамна ослепеа. Несвесно претвораат енергични невини души во мизерни рамнодушници. Светот на младите останува? Не е точно. Сега е златната ера на пензионери и на „интелектуалци“. Кои сме ние за да им го скратиме тоа задоволство? Ние сме никој и ништо. Недораснати детишта, што бледо ќе гледаат отстрана, со истиот тој грч во стомакот.

**Јоана Тренеска,**
**матурантка во „Орце Николов“, Скопје**

## „Пластичен град со пластични луѓе„

Навистина не знам што се случува со градов. Чувствувам како го проголтал секој човек кој стапнал на неговиот свод. Отсекаде се појавуваат нови нешта. Воопшто не им ги знам изворот и редоследот. Лево или десно, напред или назад. Па, ете дојде и периодот кога се сменија годишните времиња. Ме стегаат некои отровни носталгии, па ќе се сетам дека дошла пролетта. Многу сакам пролет. Зрачи љубов. Најомилен ми е оној период меѓу пролетта и летото, кога ништо не е битно, само да си надвор на улица меѓу живиот свет.

Ми се допаѓа тоа што градот е зелен, барем она крупно зеленило што остана да живее низ улиците и ситните паркови. Го чувствувам како катадневно ме предизвикува на двобој, а училиштето ме влече меѓу четири ѕида и бели решетки, не дозволувајќи ми да си го изветреам мозокот.



Криво ми е за бездомникот пред некогашен Мекдоналдс во Центар. Секогаш седи сам во еден агол и решава крстозборки. Не паметам кога последен пат решив крстозборка, најверојатно нешто пред две-три години. Криво ми е и тоа што ние како народ знаеме да бидеме ограничени за многу прости и нормални работи. Колку многу знаеме да етикетираме и да судиме кој како се облекува, каква музика слуша, каква сексуална ориентација има... Па, зарем не е тоа индивидуална селекција на сопствениот замрсен живот?

Сиот асфалт е исполнет со безобразна прашина, која во миг се напластува на улиците и ги затрупува сите оние неискажани „јас“ и оправта слобода на говорот. Склони сме на туѓи префрлања за да на крајот се почувствуваме како леб намачкан со паштета, чиј рок одамна е поминат.

Сите правила кои мораат да бидат почитувани и сите закони кои мораат да бидат прекршени. Бидејќи, нели, што би биле ние ако не сме бунтовници со жолти капи и гладни стомаци. Се чудам како времето пребрзо тече, дури да го престигнам ќе добијам инфаркт. Па потоа сите се чудат зошто толку млади луѓе умираат. Па не умираат, бегаат на другата страна. Која е другата страна навистина не знае никој. Времето ги навјасало и ги нарушило. Така одат тие работи. Би напишала уште некој збор повеќе, но сијалицата ми прегоре, а немам време да си купам нова.

**Доротеа Огненовска,**
**СУГС „Јосип Броз Тито“, Скопје**

НИЕ ИСПРАШУВАМЕ

ИНТЕРВЈУ СО ПРОФЕСОРКАТА ПО МАТЕМАТИКА **ЈУЛИЈАНА ЛАЗОВСКА** ОД СОУГ „КИРИЛ ПЕЈЧИНОВИЌ“ ОД ТЕТОВО



# Меѓу професорот и ученикот мора да постои доверба и трпение

Професорката Јулијана Лазоска предава математика во средното гимназиско училиште во Тетово. Има 44 години и 15-годишно работно искуство во оваа област. Ни раскажа за нејзиното искуство како професорка и воедно ни даде мислење за нашиот образовен систем.

**МЕДИУМ: Кои беа вашите мотиви да предавате математика?**

**ЛАЗОСКА:** Уште од рани години имав љубов кон математиката, бев учесничка на многу натпревари по математика и, едноставно, беше предмет кој најмногу ми одеше од рака. Па така спонтано се случи и да ја предавам оваа наука.

**МЕДИУМ: Дали можеби имате личност од оваа област која ви оставила најголем впечаток?**

**ЛАЗОСКА:** Да, тоа би бил Питагора.

**МЕДИУМ: Зошто баш Питагора? Како тој ве фасцинираше?**

**ЛАЗОСКА:** Уште во негово време тој бил премногу напреден. Бил нарекуван дури и полубог и бил многу почитуван. Без него многу области во математиката не би биле објаснети. Сметам дека неговото размислување било илјада години понапред од она на преостанатите.

**МЕДИУМ: Која проблематика од математиката најмногу сакате да ја предавате?**

**ЛАЗОСКА:** Тоа би било геометрија, бидејќи поттикнува многу размислување кај луѓето.

**МЕДИУМ: Објаснете ни го вашиот начин на предавање? Што правите за да биде часот интересен?**

**ЛАЗОСКА:** За да биде успешно едно предавање, потребни се вниманието на учениците и нивната самостојна работа. Преку професорот и неговото објаснување на часот, како и со задавање домашни задачи се постигнува солиден успех на предавањата. Создаваме проблеми и задачи кои потоа сите заедно ги решаваме, а многу често знам да им кажам примери или анегдоти од секојдневниот живот за да го привлечам нивното внимание и така создавам атмосфера во која полесно се учи.

**МЕДИУМ: Дали работата со средношколци е тешка?**

**ЛАЗОСКА:** Не, не е тешка. Потребни се големо трпение и разбирање како од професорот така и од ученикот за да се воспостави успешна меѓусебна врска. Исто така сметам дека работата со помали деца е понапорна и потешка.

**МЕДИУМ: Каков е односот професор - ученик?**

**ЛАЗОСКА:** Секако дека постојат одделни случаи каде што односот на учениците спрема професорот не е секогаш најдобар, но генерално имам одличен однос со моите ученици. Сметам дека и тие се задоволни од начинот на моето предавање.

**МЕДИУМ: Дали образовниот систем треба да претрпи промени и какви?**

**ЛАЗОСКА:** Да. Сметам дека постојат определени пропусти, кои доколку би се решиле би имале подобро образование. Би почнала од тоа дека материјалот е пренатрупан, постојат теми кои можат да се поедностават, па и да се исфрлат. Конкретно во гимназиското образование, или поточно во јазичните насоки, постојат математички теми кои не ги засегаат учениците кои одбрале четири или пет различни јазици. Сметам и дека треба да има приемни испити за во средно училиште, кои би биле насочени од основното образование. Така би се олеснила работата на професорот при насочување на ученикот кон неговата пасија.

**Мартина Стојаноска,**
**гимназија „Кирил Пејчиновиќ“, Тетово**

# ВЕСТИ ЗА МАКЕДОНСКАТА КОАЛИЦИЈА ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

## Високата школа и „Нова Македонија“ започнаа со медиумски лаборатории по училиштата



Гимназијата „Јосиф Јосифовски“ во Гевгелија беше домаќин на првата медиумска лабораторија што ја организираа Високата школа за новинарство и за односи со јавноста и дневниот весник „Нова Македонија“. Учениците дискутираа на темата „Медиумите како алатка за глас на младите или средство за забава и едукација?“. Свои излагања имаа Жарко Василевски, новинар во „Нова Македонија“, Дарко Малиновски, активист и член на Студентскиот пленум, како и Томе Аврамов, професор по македонски јазик во гевгелиската гимназија.

Средношколците се интересираа за процесот на креирање вести во еден дневен весник, за тоа како новинарите проверуваат дали информациите се вистинити, потоа како политичките партии вршат притисок врз медиумите, а и зошто новинарите не го применуваат стандардниот македонски јазик.

Поттикнати од излагањето на Дарко Малиновски, кој го пренесе искуството на Студентскиот пленум за инвентивна употреба на медиумите при промоцијата на нивните барања во 2014 и 2015 година против предлог-законот за високо образование, учениците дискутираа како и дали можат да ги артикулираат своите интереси.

Овој настан на Високата школа и на „Нова Македонија“ е дел од проектот „Македонска коалиција за медиумска писменост“ - активности кои во следните три години ќе придонесат за промоција на медиумската писменост кај средношколците. Освен печатење на месечниот весник „Медиум“, Високата школа и „Нова Македонија“ во следните три години ќе организираат и 15 дебати или работилници во различни училишта низ Македонија. Проектот го финансира Европската Унија.

## СОВЕТУВАМЕ: Умерено со онлајн-игрите

Онлајн-игрите се многу популарни и може да одземат многу од слободното време на тинејџерите. Тие се дизајнирани за да предизвикуваат зависност кај тебе. Програмерите на игрите имаат многу трикови за да те задржат подолго во играта како нивоа, нови работи за истражување и награди. (Наградите се оние кои подолго го задржуваат вниманието отколку новите нивоа). Игрите со повеќе играчи се уште позависни, затоа што не сакаш да ги оставиш другите играчи во твојата група.

Најголемиот дел од бесплатните игри не се целосно бесплатни: ти плаќаш со твоето внимание, односно со гледање на рекламите или, пак, со твоите лични информации што ги даваш пред почетокот на секоја игра.

Иако онлајн-игрите се многу забавни, од нив можеш да прифатиш многу непристоен јазик и негативно однесување. Доколку видиш дека некој некому се заканува или се служи со расистички, сексистички или хомофобички коментари, мораш веднаш да пријавиш или да ги одбраниш луѓето врз кои се упатуваат овие коментари.

Доколку забележиш некој што е злобен или непристоен додека игра онлајн-игри, немој да останеш рамнодушен. Можеш да упатиш само еден едноставен коментар: „Другар, да не претера?“, и така да ги прекинеш обидите за насилство.

****

- Внимавај на тоа како се чувствуваш кога ќе престанеш да играш некоја игра. Ако си лут/а, разочаран/а или не можеш да престанеш да мислиш кога повторно ќе играш некоја игра, можеби е време да престанеш со гејмерството. Ако заборавваш да јадеш или да одиш на час по кошарка, тогаш дефинитивно е време да се свртиш вниманието. Создади навика секогаш кога ќе освоиш ново ниво да паузираш од играта.
- Додека играш против други луѓе, играта можеби е бесплатна, но треба да платиш за да освоиш живот или оружје кои другите го немаат.
- Во некои игри, за да собереш доволно поени, треба да правиш досадни работи како што се собирање предмети, овошје и слично. Но за да го прескокнеш тој дел, можеш да платиш.
- Персонализацијата е уште една „бесплатна“ работа во игрите. Ако сакаш да создадеш карактер/личност, а не ги поседува основните карактеристики кои се нудат, треба да платиш.
- Ако треба да внесеш кредитна картичка за да играш некоја игра, застани и размисли! Размисли дали ти требаат овие трошоци.

Извор: Mediasmarts.ca

# СТРИП




www.comicscenter.mk

Автор: Александра Најдовска, 18 г., Демир Хисар

Во соработка со Стрип центар на Македонија

# КОНКУРСИ, МОЖНОСТИ, ОБУКИ

## ОН го објави конкурсот за најдобро видео

Алијансата на цивилизации при Обединетите нации го објави конкурсот - „Интернационална плурал + награда“ за најдобро видео кое ќе ги рефлектира ставовите на младите за миграција, социјална инклузија и разновидност.

Учесниците не треба да бидат постари од 25 години. На едно видео може да работат повеќе луѓе. Преку овој конкурс се стимулира вклучување на младите во решавање на проблемите со интеграција на мигрантите, човековите права и прифаќање на различностите.

Наградените ќе добијат парична награда од 1.000 американски долари и покана за присуство на церемонијата за доделување награди (платени трошоци), која ќе се одржи во Њујорк, САД. Другите награди вклучуваат 500 американски долари, учество на други конкурси, дипломи и сертификати. http://pluralplus.unaoc.org/

## Климатски предизвик - Твојот град од тебе зависи

Во тек е конкурсот на УНДП, Швајцарската амбасада и на УСАИД за предлози за иновациски проекти за борба против климатските промени и јакнење на урбаната отпорност. Граѓаните со своите креативни решенија треба да помогнат во справувањето со загадувањето во градската животна средина, со оглед на неизбежниот факт за климатските промени кои носат поплави и екстремни временски појави.

Најиновациската идеја ќе биде наградена со грант од 10.000 американски долари, од кои 1.000 ќе бидат доделени како парична награда, додека 9.000 американски долари ќе бидат доделени на победникот во форма на придонеси за да се поддржи развојот на идејата во прототип на решение.

Право на учество имаат сите граѓани на Македонија, а крајниот рок за пријавување е 1 јуни 2016 година. www.odtebezavisi.mk.

## Награда и диплома за најдобар стрип

По 14. пат, Стрип-центарот од Македонија во Велес го објави конкурсот за учество на меѓународниот Салон за стрип. Темата на стрипот е слободна, а критериумите за учество се следниве: должината на стрипот да биде од 1 до 6 табли, на А4 формат. Доколку стрипот е на една страница, треба да биде со најмалку 5 сликички.

Прва награда - „Златен стрип“ ќе биде награден со 200 евра и диплома. Дипломи ќе бидат доделени и за најдобро сценарио, најдобар млад автор, како и на второ и на третопласираниот. Рокот за пријавување на конкурсот е до 20 септември 2016 година. За ученици - рокот е до 25 мај 2016 година.

Адреса за доставување на трудовите: Стрип-центар на Македонија - Велес (за конкурсот), Васил Ѓоргов, број 78, Велес; stripkonkurs@gmail.com

Дина Ивановиќ, студентка на Високата школа за новинарство и за односи со јавноста